ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 27 – 127/11**

**Дата: 25.02.2013**

**ДО**

**ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА**
**ГРАДСКА ОПШТА БОЛНИЦА 8-МИ СЕПТЕМВРИ**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Градска општа болница „8-ми Септември“ – Скопје (во натамошниот текст – ГОБ „8-ми Септември“ ) на сметката за средства од донација за 2011 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на ГОБ „8-ми Септември“ за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Изразено е мислење без резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи и резултатот од финансиските активности и негативно мислење во однос на усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2011 година.

Ревизијата констатира дека сметката за средства од донации е отворена во рамките на трезорската сметка на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за намена спротивно на законската регулатива, во услови на отсуство на контролни механизми и критериуми дефинирани во Правилникот за начинот за трезорско работење, Упатството за начинот на трезорското работење на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

Од страна на одговорното лице не се добиени забелешки на Нацрт извештајот во законски пропишаниот рок.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани од страна 7 и 8 заедно со ревизија на усогласеност на ГОБ „8-ми Септември“ на сметката за средства од донации кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на ГОБ „8-ми Септември“ за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на ГОБ „8-ми Септември“ застапувана од:

- Проф. Д-р Сашо Стојчев, в.д. директор од 31.12.2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на ГОБ „8-ми Септември" се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти во согласност со применливата рамка за финансиско известување.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја

планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки на добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.4. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.10.2012 до 28.12.2012 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на ГОБ „8-ми Септември“ за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на ГОБ „8-ми Септември“ на ден 26. 12. 2012 година.
Од страна на одговорното лице не се добиени забелешки на Нацрт извештајот во законски пропишаниот рок.

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

Со увид во сметководствената документација и евиденција која се однесува на сметката средства од донација , констатирана е следната состојба:

- Средствата во вкупен износ од 237 илјади денари се користени за угостителски услуги, прехранбени производи, автобуски и авионски превоз, спротивно на одредбите на член 2 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности. Според наведениот член донациите во јавните дејности се даваат заради остварување на јавен интерес, подобрување на животот на граѓаните, подобрување на економската благосостојба и социјална правда;
- Ревизијата не обезбеди доказ дека за оваа сметка се склучени договори со давателите на донацијата, како што е пропишано во член 4 од претходно наведениот закон;
- Исто така, ревизијата не обезбеди доказ дека за донацијата е изготвен извештај со податоци за: давателот на донација, предмет на донацијата, вредност, крајна употреба на донацијата, како што е пропишано во член 19 од истиот закон;
- Ревизијата не обезбеди доказ дека договорот е доставен до Управата за јавни приходи , согласно член 19 од овој закон.

Врз основа на изнесената состојба, ревизијата констатира дека сметката средства од донации е отворена во рамките на трезорската сметка на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за намена спротивно на законската регулатива, во услови на отсуство на контролните механизми и критериуми дефинирани во Правилникот за начинот за трезорско работење, Упатството за начинот на трезорското работење на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно во сите материјални аспекти финансиската состојба на Јавната здравствена установа Градска општа болница 8-ми Септември, Скопје на ден 31.12.2011 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.1., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа ГОБ „8-ми Септември“, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**ЈЗУ ГОБ 8 МИ СЕПТЕМВРИ**
**Сметка средства од донации**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2011 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2011** | **2010** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 238 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **238** | **0** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 237 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **237** | **0** |
| | | |
| **Вкупно расходи** | **237** | **0** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **1** | **0** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **1** | **0** |

ЈЗУ ГОБ 8 МИ СЕПТЕМВРИ
**Сметка средства од донации**
БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | **во 000 денари** |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2011** | **2010** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 1 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 156 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **157** | **0** |
| **Вкупна актива** | **157** | **0** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 156 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 1 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | **157** | **0** |
| **Вкупна пасива** | **157** | **0** |

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*